Врз основа на член 6 став 2 од Законот за инвестициски фондови (Службен весник на Република Северна Македонија бр.12/2009, бр. 67/2010, бр. 24/2011, бр. 188/2013, бр. 145/2015, бр. 23/2016, бр. 31/2020, бр.150/2021 и бр.288/2021), член 8 став 3 од Правилникот за начинот на вршење на работите на управување со средства (портфолио) по налог и за сметка на индивидуален клиент и инвестиционо советување и за хартиите од вредност и другите финансиски инструменти во кои може да се вложуваат средствата на клиентот (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 115/2009 и бр. 192/2019), како и член 38 од Статутот на Друштво за управување со инвестициски фондови ВЕГА ФОНДОВИ АД СКОПЈЕ, (во понатамошниот текст: Друштвото), Одборот на директори на Друштвото, на ден 25.03.2022 година, ги донесе следните:

# ПРОЦЕДУРИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ТОЧНОСТ, КОМПЛЕТНОСТ И НАВРЕМЕНОСТ НА СОБРАНИТЕ ПОДАТОЦИ ЗА КЛИЕНТОТ ПРИ ВРШЕЊЕ НА УСЛУГИТЕ ИНВЕСТИЦИОНО СОВЕТУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО СРЕДСТВА ПО НАЛОГ И ЗА СМЕТКА НА ИНДИВИДУАЛЕН КЛИЕНТ (ПОРТФОЛИО)

Член 1

Со овие Процедури се регулира начинот и постапката на прибирање информации за инвестициските цели на клиентот, неговата финансиска состојба, знаење и искуство во областа на инвестициите, со цел да се обезбеди точност, комплетност и навременост на прибраните податоци за клиентот при вршење на работите на управување со средства (портфолио) по налог и за сметка на индивидуален клиент и инвестиционо советување.

За вршење на услугите управување со портфолио и инвестиционо советување Друштвото има добиено одобрение од страна на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија, односно Решение број УП1 08 - 5 од 29.06.2021 година.

Член 2

(1) При вршење на услугата инвестиционо советување или управување со портфолио, а имајќи ги предвид природата и обемот на услугата, Друштвото задолжително прибира:

- Информации за инвестициските цели на клиентот – кои вклучуваат информации за посакуваното времетраење на инвестицијата, подготвеноста за преземање ризици, профилот на ризик на клиентот и целта на инвестицијата.
- Информации за финансиската состојба на клиентот – кои вклучуваат информации за изворот и износот на редовниот приход и имотот на клиентот, ликвидните средства, инвестициите, недвижниот имот и редовните финансиски обврски.
- Информации за знаење и искуство на клиентот во областа на инвестициите – кои вклучуваат информации за видот на услугите, трансакциите и финансиските инструменти кои му се познати на клиентот, природата, обемот и зачестеноста на трансакциите на клиентот со финансиски инструменти и периодот во кој тие се извршени и звањето и занимањето на клиентот.

(2) Друштвото не е должно да ја исполни обврската за прибирање на информациите од став 1 на овој член кога клиентот е институционален инвеститор.

Член 3

Информациите од членот 2 став 1 на овие процедури, Друштвото ги обезбедува преку пополнување на

Прашалник за инвестициските цели, финансиската состојба, знаењето и искуството на клиентот во областа на инвестициите, кој е составен дел од овие Процедури (Прилог 1). Прашалникот задолжително го пополнува и потпишува секој клиент на Друштвото при потпишувањето на Договор за управување со средства (портфолио) по налог и за сметка на индивидуален клиент и/или Договор за инвестиционо советување.

Член 4

Врз основа на информациите собрани согласно член 2 став 1 од овие Процедури, Друштвото врши проценка дали трансакциите ќе му ги препорача на клиентот во рамки на вршење на услугата инвестиционо советување, односно трансакциите кои ќе ги реализира во рамки на вршење на услугата управување со портфолио, се соодветни на профилот на клиентот.

Член 5

При вршење на проценката од став 4 на овие Процедури, Друштвото задолжително ги зема во предвид следните критериуми:

- Дали трансакциите се усогласени со инвестициските цели на клиентот
- Дали клиентот е способен да ги сноси инвестициските ризици од трансакциите и
- Дали клиентот поседува знаење и искуство кои се доволни за разбирање на ризиците поврзани со трансакциите кои му се препорачуваат/извршуваат.

Член 6

Доколку Друштвото не успее да ги прибере информациите од член 2 став 1 на овие Процедури, односно врз основа на прибраните информации и извршената проценка на соодветноста од член 5 на овие Процедури оцени дека одредена услуга/трансакција не е соодветна за клиентот, тогаш Друштвото нема да ја изврши таквата услуга/трансакција и за тоа ќе го предупредат клиентот во писмена форма.

Член 7

Информациите добиени од клиентот согласно Прашалникот од член 3 на овие Процедури Друштвото ќе ги смета за веродостојни, освен ако имаат сознание или би требало да имаат сознание дека информациите се очигледно застарени, неточни или непотполни.

Член 8

Извршните директори на Друштвото се надлежни за почитување и примена на овие Процедури.

Непостапувањето по овие Процедури од страна на вработените на Друштвото, претставува дисциплинска повреда, односно неисполнување на работна обврска.

Член 19

Овие Процедури влегуваат во сила со денот на донесување.

ВЕГА ФОНДОВИ АД СКОПЈЕ